**Оглас за вработување во ГД Гранит АД Скопје**

**ГД Гранит АД Скопје е** најголемиот македонски градежен изведувач, чија основна дејност е изградбата на патишта и автопатишта, бренд кој е препознатлив и надвор од границите на Република Македонија. Главните активности на **ГД Гранит АД Скопје** се градежни активности од областа на високо и нискоградбата, со претежна концентрација на капиталните Проекти кои се обемни и значајни како по нивната големина така и по нивната сложеност.

## ГД Гранит АД Скопје има потреба од

### Рударски Инженер за дупчење и минирање – 1 извршител

**Потребни квалификации:**

- Завршено високо образование (Дипломиран Рударски инженер)
- Познавање англиски јазик (говорење, читање, пишување)
- Активно работење со компјутери и познавање на MS Office алатките
- Познавање и активно работење со Auto CAD
- Предност ќе имаат кандидатите кои поседуваат лиценца за изработка на рударски проекти

**Одговорности и задачи:**

- Се грижи и ја кооридинира работата при изработката на сите елаборати и проекти потребни за добивање дозвола за работа и навремено организира и ја обезбедува останатата документација за спроведување и успешно учество на постапките за доделување на Концесии;
- Врши прием на сите експлозивни материјали во магацинот.
- При приемот води грижа за техничката исправност на истите за точноста и промена на количината, за добавувачите и нивното овластување за работа со експлозивни материјали
- Води картотека за сите материјали и вршаи издавање на експлозивни материјали на минерите и евидентираење на истите;
- Води грижа за редење, прибирање, сложување, одржување, како и заштита од атмосферски влијанија на експлозивните материјали во магацинот
- Води евиденција и надзор на експлозивните материјали,срамнување на картотеката со реалната состојба на материјалите согласно законските,другите прописи и актите на Друштвото;
- Се грижи за правилна примена на мерките за заштита при работа
- Одговорен е за целокупното магацинско работење на магацинот за експлозив и за безбедноста на магацинот за експлозив

**Компанијата нуди:**

- Работен однос на определено време од 3 месеци со можност за продолжување
- Стабилност и можност за личен развој
- Градење на успешна кариера
- Можност за надградба на професионален план
- Одлични услови за работа – атрактивна и динамична работа
- Професионална обука според личните потенцијали и потребите на компанијата

**Личен профил:**

- Способност во организирање  на ресурси и поставување на приоритети
- Силни интерперсонални вештини и способности за ефикасно здружување во тим
- Лојалност, иницијативност, самомотивираност, темелност, енергичност
- Способност за координација и работење со рокови
- Висока работна етика
- Доверливост

Кандидатите покрај наведените услови, потребно е да ги исполнуваат и општите услови предвидени со Закон. Работата од огласеното работно место ќе се одвива од понеделник до петок со полно работно време (8 часа) од 07,00 до 15,00 часот. Изборот на кандидатите треба да се изврши во рок од 30 дена. Огласот трае десет работни дена од објавувањето.
Изборот на кандидатите ќе биде извршен согласно член 23 од Законот за работни односи.
Молбите за работа доставете ги во ГД„Гранит„АД-Дирекција Скопје на ул. Димитрија Чуповски бр.8, или на E-mail: jobs@granit.mk.
Само кандидатите кои ќе доставаат комплетна документација и кои ги исполнуваат бараните услови наведени во огласот ќе бидат вклучени во процесот на селекција..

| **Известување за заштита на лични податоци на кандидатите за вработување** | |
|---|---|
| **Процес на обработка на лични податоци** | Селекција на кандидати за вработување во ГД ГРАНИТ АД Скопје |
| **Правен основ** | Закон за заштита на личи податоци РСМ бр.42 од 16.02.2020 |
| **Контролор** | ГД ГРАНИТ АД Скопје |
| **Кои лични податоци ги обработуваме и кој се има пристап до истите** | Ние ги обработуваме само личните податоци кои ги имате наведено во Вашата лична биографија<br>Пристап до Вашите лични податоци имаат само вработените и менаџерите кои се одговорни за спроведување на процесот за избор на кандидати и Генералниот директор на друштвото |
| **Од каде ги добиваме Вашите лични податоци** | Преку Вашата апликација на vrabotuvanje.com.mk или jobs@granit.mk |
| **Зошто ги обработуваме Вашите лични податоци** | Вашите лични податоци ги обработуваме за да избереме соодветен кандидат за отворената работна позиција |
| **Чување на вашите лични биографии** | Во период од 6 (шест) месеци од денот на завршување на огласот |
| **Повеќе информации за обработката на личните податоци од страна на Друштвото и начинот на остварување на правата на субјектите на личните податоци, можете да најдете на следниот линк:** | https://www.granit.com.mk/mk/%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%86%d0%b8/ |